# З А П И С Н И К

## Од Педесет и четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 21.07.2026 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Педесет и четвртата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Бурим Рамадани, Беким Лачи, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Билјана Бабиќ и Патриот Лумани.***

**Онлајн присутни на седницата:** ***Ивана Ефремовски, Миле Гроздаaccount, Лазо Трпков, Маја Седрак, Марјан Велевски и Томислав Кежаровски.***

**Други присутни на седницата:** ***Директор на МРТ Зоран Ристоски и Сања Аризанов консултант за ревизија и финансии од кабинетот на директорот.***

Педесет и четвртата седница на Програмскиот совет започна во 11:05 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Педесет и четвртата седница, како што следува подолу:

**<u>Дневен ред:</u>**

1. **Разгледување и усвојување на Записникот од 52-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување и усвојување на Записникот од 53-та седница на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разгледување и усвојување на Предлог-Заклучок за започнување процес на колективно преговарање со цел донесување на нов колективен договор**
4. **Разгледување и усвојување на Предлог-Одлука за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативните синдикати при ЈРП МРТ**
5. **Разгледување и усвојување на Предлог-Овластување за отпочнување со постапка за колективно преговарање за нов Колективен договор со репрезентативните синдикати при ЈРП МРТ**
6. **Разгледување и усвојување на Предлог-Правилник за начинот и постапката за користење на средства за репрезентација во ЈРП МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Записникот од 52-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Педесет и втората седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Разгледување и усвојување на Записникот од 53-та седница на Програмскиот совет на МРТ**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-записникот од Педесет и третата седница на Програмскиот совет. Текстот на предлог-записникот беше ставен на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Разгледување и усвојување на Предлог-Заклучок за започнување процес на колективно преговарање со цел донесување на нов колективен договор**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори третата точка од Дневниот ред и истакна дека се започнува со разгледување на материјалите што се однесуваат на започнување на постапката за колективно преговарање за склучување нов Колективен договор.

Предлог-заклучокот е подготвен врз основа на повеќе околности кои беа актуелизирани во изминатиот период.

Најнапред, до директорот и до Програмскиот совет беа доставени барања од Синдикалната организација при МРТ со кои се бара отпочнување на постапката за преговори за нов Колективен договор, имајќи предвид дека актуелниот Колективен договор се приближува кон истекот на својата важност.

Во истите дописи, Синдикалната организација при МРТ истовремено го оспори учеството на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) во постапката за колективно преговарање.

Токму поради тие наводи, а со цел Програмскиот совет и директорот да постапуваат исклучиво врз основа на закон, без какви било дилеми во однос на прашањето на репрезентативноста, беше побарано независно правно мислење од проф. д-р Лазар Јовевски.

Во доставеното правно мислење се наведува дека постапката за колективно преговарање треба да се спроведе согласно Законот за работните односи, врз принципите на законитост, транспарентност, инклузивност и социјален дијалог, при што во процесот треба да учествуваат сите синдикати кои имаат утврдена репрезентативност согласно закон. Дополнително се истакнува дека не постои правен основ репрезентативен синдикат да биде исклучен од постапката само затоа што друг синдикат го оспорува неговиот статус, особено, имајќи во предвид дека во него членуваат вработени во МРТ кои доброволно пристапиле кон членство и ги остваруваат своите синдикални права преку таа синдикална организација. Сè додека одлуката за утврдување на репрезентативноста не биде изменета или поништена во постапка пред надлежен орган, таа произведува правно дејство и задолжително мора да се почитува.

Дополнително, при подготовката на материјалот беше извршен увид и во важечкиот Колективен договор и неговите измени. Основниот Колективен договор е склучен на 31 јули 2019 година, а со Измената број 7 од 23 август 2024 година е утврдено дека измените важат две години од денот на нивното потпишување. Од тоа произлегува дека важноста на актуелниот Колективен договор истекува на 23 август 2026 година, поради што е неопходно навремено да започне постапката за колективно преговарање, имајќи предвид дека станува збор за процес кој подразбира формирање преговарачки одбори, подготовка на предлог-текст и преговори.

Со предложениот Заклучок се констатира дека се исполнети условите за започнување на постапката и директорот се задолжува да ги извести репрезентативните синдикати и да побара од нив да номинираат по двајца претставници во преговарачкиот одбор.

Претседателот Давор Пашоски го стави Предлог-заклучокот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 4. Разгледување и усвојување на Предлог-Одлука за започнување на постапка за преговори за склучување на нов Колективен договор помеѓу ЈРП МРТ и репрезентативните синдикати при ЈРП МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори четвртата точка од Дневниот ред и рече дека по усвојувањето на Заклучокот, потребно е Советот да ја донесе и формалната Одлука со која се започнува постапката за колективно преговарање.

Со оваа Одлука формално се утврдува започнувањето на постапката за преговарање за нов Колективен договор, се овластува директорот да ја води постапката во име на ЈРП МРТ и се утврдува обврската репрезентативните синдикати да номинираат свои претставници во преговарачкиот одбор.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Предлог-одлуката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 5. Разгледување и усвојување на Предлог-Овластување за отпочнување со постапка за колективно преговарање за нов Колективен договор со репрезентативните синдикати при ЈРП МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори петтата точка од Дневниот ред и рече дека последниот акт од оваа целина е Предлог-овластувањето.

Со него директорот на ЈРП МРТ, Зоран Ристоски, се ополномоштува во име на ЈРП МРТ да ја отпочне и води постапката за колективно преговарање со репрезентативните синдикати.
Со донесувањето на ова овластување ќе бидат создадени сите неопходни формално-правни предуслови за отпочнување на преговорите за склучување нов Колективен договор.

Претседателот Давор Пашоски го стави Предлог-овластувањето на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 6. Разгледување и усвојување на Предлог-Правилник за начинот и постапката за користење на средства за репрезентација во ЈРП МРТ**

Претседателот Давор Пашоски ја отвори шестата точка од Дневниот ред и истакна дека се разгледува Предлог-правилникот за начинот и постапката за користење на средства за репрезентација во ЈРП МРТ.

Со Правилникот се уредуваат правото, условите и постапката за користење на средствата за репрезентација, видовите трошоци, начинот на нивното одобрување и правдање, контролата на користењето на средствата, како и одговорноста за нивно наменско и економично користење.

Во однос на првично подготвениот текст, направени се одредени дополнувања и редакциски усогласувања, при што се земени предвид и доставените забелешки и предлози од членовите на Програмскиот совет на МРТ. Измените, меѓу другото, се однесуваат на попрецизно определување на корисниците и видовите репрезентација, постапката за одобрување на трошоците, двојното одобрување на трошоците направени од директорот, рамковните суми за теренска репрезентација, забраната за делење на трошоците и постапувањето во случај на судир на интереси.

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ѝ даде збор на Сања Аризанов, консултант за ревизија и финансии, која истакна дека Правилникот за начинот и постапката за користење

на средства за репрезентација во ЈРП МРТ бр. 01-1461/1 од 01.03.2022 година не бил донесен во согласност со законската и статутарната рамка. Посочи дека во преамбулата на Правилникот како правен основ бил наведен член 60 став 1 алинеи 1 и 10 од тогаш важечкиот Статут на ЈРП МРТ, кој ги уредува надлежностите на директорот, при што наведе дека истиот не претставува соодветен правен основ за донесување на Правилникот. Воедно, истакна дека тоа укажува на правна неоснованост на Правилникот и на недостатоци во постапката на неговото донесување. Дополнителни, Аризанов посочи дека новиот Предлог-правилник е изготвен со цел на јасен и транспарентен начин да се уредат начинот и условите за користење на средствата за репрезентација.

Воедно, таа посочи дека во наредниот период е потребно да се изврши преиспитување и доколку е потребно, усогласување на Правилникот за исплата на службени патувања во земјата и Правилникот за реализирање на службени патувања во странство, како и на останатите правилници што се однесуваат на финансиското работење на МРТ, со важечките законски прописи и интерните акти на МРТ. Во однос на овие правилници, таа истакна дека Секторот за финансиско работење нема да прифаќа нецелосна документација, односно дека секој трошок што ќе настане треба да биде поткрепен со соодветна документација, во согласност со закон и со соодветниот правилник.

Во продолжение на расправата, Сања Аризанов истакна дека средствата предвидени во финансискиот план за надоместоците на членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор за тековната година се во голем дел реализирани. Во таа насока, посочи дека е потребно внимателно да се следи понатамошната реализација на финансискиот план и, доколку се јави потреба, да се разгледа можноста за пренамена на средства во рамките на истиот.

Во дискусијата, повеќе членови на Програмскиот совет истакнаа дека бројот на одржаните седници произлегува од обемот и природата на прашањата што биле ставени на разгледување и одлучување во изминатиот период. Притоа беше посочено дека во текот на првата година од мандатот на актуелниот состав на Советот биле спроведени повеќе постапки и донесени одлуки од суштинско значење за институционалното функционирање на МРТ, вклучително и постапките за избор на нов состав на Надзорниот одбор, директор и заменик на директорот, давање согласност за разрешување на одговорни уредници и за именување на вршители на должност одговорни уредници на програмските сервиси, како и разгледување и донесување на поголем број општи акти и други одлуки од надлежност на Советот. Воедно, беше нагласено дека седниците биле одржувани врз основа на конкретен дневен ред и заради постапување по прашања неопходни за институционалното заокружување, организациската консолидација, реорганизацијата и непреченото функционирање на МРТ.

Во дискусијата се вклучи и директорот на МРТ, Зоран Ристоски, кој ја нагласи потребата од континуирано следење на финансиската состојба, рационално управување со расположливите средства и преземање соодветни мерки насочени кон финансиска консолидација, оптимизација на трошоците и обезбедување стабилно и одржливо работење на МРТ.

Претседателот Давор Пашоски истакна дека наведените прашања треба да бидат предмет на понатамошно разгледување во рамките на финансиското планирање на МРТ, водејќи сметка за финансиската стабилност на МРТ и обезбедување услови за непречено извршување на законските надлежности на органите на управување на МРТ. Потоа се наврати на точката шест од Дневниот ред - Предлог-правилникот за начинот и постапката за користење на средства за репрезентација во ЈРП МРТ, по која отвори расправа.

Во продолжение, Билјана Бабиќ, посочи дека основната концепција на предлагачот претставувала добра основа за уредување на оваа материја, која во текот на постапката била дополнително доработена и правно-прецизирана. Ја поздрави желбата и намерата да бидат уредени некои работи кои досега не биле опфатени, а било потребно. Додаде дека последниот Предлог-правилник претставува значително подобрена верзија во однос на првично доставениот текст. Со извршените измени била постигната поголема правна прецизност, систематичност и јасност на одредбите, а воспоставени се и посоодветни механизми за контрола и отчетност. Информираше дека по доставените предлози за измени и дополнувања од членовите на Програмскиот совет бил извршен детален преглед на сите изнесени забелешки и сугестии, при што биле анализирани и разгледани сите предложени решенија. Истакна дека најголемиот дел од предлозите биле прифатени и соодветно вградени во текстот на Предлог-правилникот, додека за останатите биле направени дополнителни правни и терминолошки усогласувања со цел текстот да биде појасен, попрецизен и целосно усогласен со важечката законска и статутарна рамка. Посочи дека, покрај редакциските и јазичните усогласувања, извршени се и повеќе суштински интервенции во текстот, со кои дополнително се прецизирани правата и обврските на корисниците на средствата за репрезентација, видовите и намената на репрезентацијата, постапките за одобрување, користење и правдање на трошоците, механизмите за финансиска контрола и одговорност, како и одредбите што се однесуваат на двојното одобрување на трошоците кога корисник е директорот на МРТ. Воедно истакна дека, по предлог на членовите на Програмскиот совет, дополнително се разработени одредбите за рамковната сума за теренска репрезентација, начинот на нејзиното користење и правдање, забраната за делење на трошоците, постапувањето во случај на судир на интереси, евидентирањето и контролата на реализираните трошоци, како и одговорноста и последиците во случај на непочитување на одредбите од Правилникот. Нагласи дека сите

извршени измени имаат за цел да обезбедат поголема правна сигурност, транспарентност, отчетност и доследна примена на Правилникот во практиката.

Бидејќи немаше други пријавени за збор, претседателот Давор Пашоски ја затвори расправата по шестата точка од Дневниот ред.

Претседателот Давор Пашоски го стави Предлог-правилникот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

По исцрпувањето на дневниот ред, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ констатираше дека 54-та седница на Програмскиот совет на МРТ е завршена. Претседателот се заблагодари за присуството со што ја затвори Педесет и четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:45 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-4237/6
21.07.2026г.

________________________

Давор Пашоски